Врз основа на член 49 од Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 67/92),министерот за внатрешни работи, во согласност со министерот за односи со странство, донесува

# У П А Т С Т В О
# ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ПАТНИ ИСПРАВИ И ВИЗИ ОД СТРАНА НА ДИПЛОМАТСКО-КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СТРАНСТВО, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ ПАТНИ ИСПРАВИ И ВИЗИ

## I. ИЗДАВАЊЕ НА ПАТНИ ИСПРАВИ И ВИЗИ

### Член 1

Издавањето на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, во дипломатско-конзуларните претставништва во странство (во натамошниот текст – ДКП), се врши врз основа на поднесено барање за издавање патна исправа или издавање виза (во натамошниот текст: барање).

### Член 2

При приемот на барањето, службеното лице во ДКП проверува дали барањето го поднесува државјанин на Република Македонија, дали барањето е пополното со сите неопходни податоци, дали кон барањето е приложена пропишаната такса и паричен износ за образецот на патната исправа, како и 3 фотографии со пропишана димензија.

Барањето до ДКП се поднесува во 2 (два) еднакви примерока.

### Член 3

Идентитетот на подносителот на барањето се утврдува со увид во личната карта или друга јавна исправа на која има фотографија од која може да се утврди идентитетот на подносителот на барањето.

### Член 4

За извршениот прием на барањето, службеното лице на подносителот на барањето му издава потврда за прием која содржи: презиме и име на подносителот на барањето; датум и место на раѓање; место и адреса на живеење во странство, како и потпис на службеното лице.

На потврдата на соодветно место се става печат на соодветното ДКП.

Образецот на потврдата е отпечатен во прилог на ова Упатство и претставува негов составен дел.

### Член 5

По приемот на барањето, ДКП за истото го известува Министерството за внатрешни работи од кое и бара согласност дали на лицето да му биде издадена бараната патна исправа односно виза.

ДКП не смее да издаде патна исправа или виза без претходна согласност од Министерството за внатрешни работи.

Барањето до Министерството за внатрешни работи се доставува итно по телефакс, телекс или на друг соодветен начин.

## II. ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА

### Член 6

Во ДКП на Република Македонија во странство се води евиденција за издадените патни исправи и визи.

Евиденцијата за издадените патни исправи и визи се води во вид на регистар кој ги содржи следните податоци:

– реден број;

– презиме, име и МБ на подносителот на барањето;

– датум и место на раѓање;

– живеалиште односно престојувалиште во странство;

– последно место и адреса на живеење во Република Македонија (доколку лицето е родено во странство се запишува последното место на живеење на родителите во Република Македонија);

– број на патната исправа односно виза;

– датум на прием на барањето, односно датум на издавањето на ПИ односно визата;

– потпис на лицето кое ја зема готовата патна исправа и

– рубрика за забелешки (во оваа рубрика се внесуваат податоци за децата до 14 години доколку се внесуваат во ПИ на родителот, име, презиме и датум и место на раѓање).

### Член 7

Покрај регистарот од точка 6 став 2 на ова Упатство, во ДКП се води и картотека за издадените патни исправи и визи на државјаните на Република Македонија.

Картотеката се води и врз основа на поднесените барања за издавање патна исправа односно виза по азбучен редослед.

### Член 8

ДКП на Република Македонија, најмалку еднаш годишно доставуваат еден примерок од барањето до Министерството за внатрешни работи, за лица за кои е издадена патна исправа. Барањето од став 1 на овој член се доставува до Министерството за внатрешни работи според живеалиштето на државјанинот на Република Македонија на кој му е издадена патна исправа.

### Член 9

Дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во странство го известуваат Министерството за внатрешни работи за:

– пријавени губења односно исчезнувања на патни исправи;

– откриени фалсификати на патни исправи и визи;

– откажување на престојот на наши граѓани во странство и враќање по полициски пат од страна на органите на земјата домаќин, поради кршење на нејзините прописи;

– државјаните на Република Македонија кои се од интерес за Министерството за внатрешни работи (непријателско дејствување, учество во легија на странци, недозволена трговија со опојни дроги и оружје, оставање на пасош во залог и сл.).

### Член 10

ДКП доставуваат до Министерството за односи со странство (Управа за конзуларни работи) и Министерството за внатрешни работи (Управа за погранични работи, странци и патни исправи) годишни извештаи, кои ги опфаќаат работите на визно-пасошките служби.

Извештаите се доставуваат најкасно до 31. јануари за претходната календарска година.

Член 11

Покрај општиот осврт на работата на визно-пасошките служби, во годишните извештаи потребно е особено да се наведе:

– соработката со соодветните органи во Република Македонија во врска со водењето на постапката за издавање патни исправи и визи и евентуалните пропусти и грешки на овие органи;

– евентуалните потешкотии и проблеми на кои наидуваат ДКП во врска со издавањето на патните исправи и визи;

– проблемите на кои наидуваат македонските државјани, носители на важечки патни исправи;

– проблемите кои произлегуваат од прописите за странци на земјата домаќин, како и за случаите за поинаков третман на македонските државјани од државјаните на другите земји.

Член 12

До целосното отпочнување со редовна работа на ДКП на Република Македонија во странство и до нивното опремување за изработка на патни исправи, поодделни прашања во врска со визно-пасошкиот режим и изготвувањето на патните исправи ќе се вршат врз основа на посебни инструкции.

Член 13

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 121-4259/1
24 септември 1993 година
Скопје

Министер за внатрешни работи,
д-р **Љубомир Фрчкоски,** с.р.
Министер за односи со странство
**Стево Црвенковски,** с.р.

ПРИЛОГ:
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
____________________________________
(назив на ДКП на РМ во странство)

П О Т В Р Д А

Се потврдува дека ____________________________________ роден-а на _________ година во _________, место на живеење во ___________ на ул. ________________________ поднесе барање за издавање на патна исправа, односно виза.

Датум:
________________

(МП)

Службено лице
______________________________